Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА"
бр. 01-453/1
15.04.2022 год.
БИТОЛА

**До**
**Совет на Општина Битола**
**Градоначалник Д-р Тони Коњановски**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КЈП"НИСКОГРАДБА"- БИТОЛА ЗА ПЕРИОД ОД

**01-01-2022 ДО 31-03-2022 г.**

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## ТАБЕЛА НА ПРИХОДИ

| Конто | ПРИХОДИ | Износ 2021 (3) | Износ 2022 (4) | Индекс 4 : 3 |
|---|---|---|---|---|
| 7400 | Приходи од услуги општа даночна стапка | 2,950,935.00 | 1,548,657.00 | 0.52 |
| 7401 | Приходи од услуги општа повластена даночна стапка | 7,732,981.00 | 11,097,911.00 | 1.44 |
| 7402 | Приходи од канализација | 17,363,161.00 | 17,191,814.00 | 0.99 |
| 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | 1,093,156.00 | 803,160.00 | 0.73 |
| 769 | Останати приходи од работењето | 25,731.00 | 54,749.00 | 2.13 |
| 7741 | Приходи од камати | 110,296.00 | 49,901.00 | 0.45 |
| 7799 | Останати финансиски приходи | 22,930.00 | 13,049.00 | 0.57 |
| | **Вкупно** | **29,299,190.00** | **30,759,241.00** | **1.05** |
| | | | | |

Анализирајќи ја горенаведената табела на приходи за првото тримесечје од оваа година споредено со истиот период од 2021 година може да се забележи дека остварените приходи во 2022 година зголемени се за 5% или изразено во бројки за 1,5 милиони денари.

Кај приходите од услуги (градежни работи) по општа даночна стапка од 18% се забележува намалување од 48%. Оваа година со работа се започна покасно во споредба со 2021 година, но од друга страна долгата зима овозможи зголемување на приходите од зимското одржување на улиците.

Приходите од услуги по повластена даночна стапка од 5% , зголемени се за 44%. Во приходи од услуги со 5% ДДВ спаѓаат приходите од зимско одржување на улиците, чистењето на коритото на река Драгор и други канали и водотеци и приходите од чистење на канализација.

До 31 Март оваа година приходите од надоместок за канализација идентични се со истите од 2021 година, односно во вредност изразени помали се 171.347,00 илјади денари. Овие приходи можат да варираат во зависност од потрошувачката на вода, а се фактурира на потрошен м3 вода по состојби добиени од ЈП Водовод како и од ЈП Стрежево за технолошката вода.

Приходите од употреба на сопствени производи намалени се за 27 %, во споредба со истите во 2021 година.

Другите приходи се во рамките на редовното работење.

## ТАБЕЛА НА ТРОШОЦИ

| Вид на расход | Остварени расходи 2021 (2) | Остварени расходи 2022 (3) | Индекс 3 : 2 |
|---|---|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 2,018,498.00 | 569,408.00 | 0.28 |
| Потрошена енергија | 628,189.00 | 1,360,691.00 | 2.17 |
| Отпис на ситен инвентар | 29,035.00 | 19,404.00 | 0.67 |
| Поштенски, телефонски GPS и интернет услуги | 105,727.00 | 153,564.00 | 1.45 |
| Услуги за одржување на опремата | 661,420.00 | 508,559.00 | 0.77 |
| Услуги за обезбедување на имотот | 169,518.00 | 168,974.00 | 1.00 |
| Закупнина | 40,000.00 | 30,000.00 | 0.75 |
| Комунални услуги | 40,951.00 | 107,408.00 | 2.62 |
| Производни услуги | 2,479,308.00 | 3,828,608.00 | 1.54 |
| Услуги за читање на водомери | 206,000.00 | 309,000.00 | 1.50 |
| Услуги од агенции за вработување | 387,310.00 | 644,603.00 | 1.66 |
| Бруто плати | 14,380,898.00 | 15,684,459.00 | 1.09 |
| Амортизација | 3,000,000.00 | 3,000,000.00 | 1.00 |
| Останати трошоци на вработените регрес, отпремнина и помошти | 314,447.00 | 1,092,474.00 | 3.47 |
| Дневници за службен пат | 7,845.00 | 20,190.00 | 2.57 |
| Надомести на трошоци на вработените и подароци | 15,169.00 | 16,668.00 | 1.10 |
| Трошоци за Управен и Надзорен О. | 210,000.00 | 210,000.00 | 1.00 |
| Реклами, репрезентација и спонзорство | 617,051.00 | 511,500.00 | 0.83 |
| Премии за осигурување | 134,252.00 | 13,725.00 | 0.10 |
| Банкарски услуги и платен промет | 140,111.00 | 179,562.00 | 1.28 |
| Даноци кои не зависат од резултат | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **админ., судски и др. Давачки** | 83,116.00 | 138,804.00 | 1.67 |
| **Останати трошоци од работењето** | 116,169.00 | 187,596.00 | 1.61 |
| **Отпис на побарувања** | 90,881.00 | 189,345.00 | **2.08** |
| **Надомести на штети од дејноста** | 0.00 | 44,478.00 | **0.00** |
| **Дополнително утврдени расходи од минати години** | 382,313.00 | 242,684.00 | 0.63 |
| **Камати од работењето со неповрзани друштва** | 149,179.00 | 257,445.00 | 1.73 |
| | | | |
| **ВКУПНО :** | **26,407,387.00** | **29,489,149.00** | 1.12 |
| | | | |

Анализирајќи ја табелата на трошоци во првото тримесечје од 2022 година во споредба со 2021 година вкупните трошоци покажуваат зголемување од 12 %.

- потрошените суровини и материјали намалени се за 72 % споредено со овој вид на трошоци направени во 2021 година, имено во 2021 година временските услови овозможија да се започне со работа порано во споредба со оваа година кога во истиот период интензивно се работеше на зимското одржување на улиците,

- трошоците за енергија зголемени се за 117 % споредено со истите во 2021 година или во вредност искажани зголемени се за 732.502,00 илјади денари,

- трошокот за отпис на ситен инвентар е намален за 33% во споредба со 2021 година,

- трошоците за поштенски, телефонски, интернет и GPS услуги се зголемени за 45 % во споредба со истите за 2021 година, всушност не станува збор за реално зголемување на истите, односно кога се изготвува овој извештај фактурите за трети месец не се прокнижени во сметководствената евиденција, бидејќи истите во архивата на претпријатието пристигнуваат до 20 наредниот месец. Во овој извештај се земени во предвид и планираните трошоци за трети месец, без нив износот на услугите би бил идентичен,

- трошоците за тековно одржување на возилата покажуваат намалување за 23% во споредба со истите во 2021 година,

- трошоците за обезбедување на имотот на Нискоградба се идентични со истите од 2021 година,

- трошоците за закупнина изнесуваат по 10.000,00 илјади денари месечно, во извештајот од 2021 година влезена е и фактурата за четврти месец,

- трошоците за комунални услуги покажуваат енормно зголемување, но како и во претходниот случај трошоците се скоро идентични, но во 2021 година во месец Март и Април заради пандемијата голем дел од вработените беа отсутни па така фактурите не беа прокнижени и овој индекс е нереален,

- производните услуги во 2022 година покажуваат зголемување од 54% што во вредност искажано изнесува 1.349.300,00 милиони денари и истото зголемување е резултат на зголеменото ангажирање на подизведувачи во зимската служба,

- трошоците за читање на водомерите од ЈП Водовод и ЈП Стрежево секоја година се исти (12 месеци по 93.000,00 илјади денари за состојбите од ЈП Вододвод и 10.000,00 илјади денари за состојбите од ЈП Стрежево),

- трошоците за извршени услуги од агенции за вработување зголемени се за 66%,

- кај бруто платите во споредба со 2021 година постои зголемување за 9%,

- амортизацијата не е пресметана и истата за првите три месеци би изнесувала околу 3.000.000 милиони денари,

- Останати трошоци на вработените се зголемени за 778.027,00 илјади денари. Во овие трошоци влегуваат исплатени регреси, помошти, отпремнини и јубилејни награди и истите не зависат од залагањето на вработените. Во овој период се исплатија јубилејни награди на вработени во износ од 592.579,00 илјади денари,

- трошоците за службени патувања како индекс покажува големо зголемување, а станува збор за зголемување од 12.345,00 илјади денари,

- другите надоместоци на вработените, тука влегуваат трошоците за образование и усовршување на вработените, покажуваат зголемување од 10 %, во вредност искажано зголемувањето е за 1.499,00 денари,

- трошоците за УО и НО се исти како и во 2021 година,

- трошоците за реклами, репрезентација и спонзорство се намалени за 17% односно за 105.551,00 илјади денари. Во овие трошоци влегуваат и средствата што им се префрлаат на синдикатите за нивното тековно работење,

- премиите за осигурување на имот намалени се за 90 % во споредба со истите во 2021 година. И овој показател е нереален бидејќи договорите се скоро идентични, но како што и претходно беше кажано во 2021 година во тој период поради пандемијата и отсуството на голем број вработени фактурите не беа прокнижени и од тие причини постои големо отстапување,

- кај трошоците за провизии има зголемување за 28 %,

- трошоците за даноци, административни, судски и други давачки се зголемени за 67 % и истите на зависат од залагањето на вработените,

- останатите трошоци од работењето зголемени се за 61%, во овие трошоци влегува издатокот за адвокатски, компјутерски и други услуги,

- вредносно усогласување на побарувањата значи извршени отписи на ненаплатливи застарени побарувања од физички и правни лица. Во 2022 година истите зголемени се за 108 % ,

- надомести на штети од дејноста, во 2021 година во првото тримесечје не е евидентиран ваков трошок додека во 2022 постои износ од 44.478,00 илјади денари,

- дополнително утврдени трошоци од минати години се трошоци кои не зависат од работењето, односно истите се јавуваат како резултат на сторнирањето на сметки кое се врши врз основа на извештај испратен еднаш месечно од ЈП Водовод,

- трошоците за камати се однесуваат за одобрените кредити од Стопанска банка Битола и камати за набавени возила на лизинг. Оваа година за првото тримесечје истите се зголемени за 73 %.

**Напомена : Извештајот е изработен врз база на евидентираните трошоци и приходи во сметководствената евиденција за први и втори месец и планираните трошоци и приходи за трети месец.**

## Финансиски резултат

| | Од 01.01.2021 до 31.03.2021 година | Од 01.01.2022 до 31.03.2022 година |
|---|---|---|
| Вкупни приходи | 29.299.190,00 | 30.759.241,00 |
| Вкупни расходи | 26.407.387,00 | 29.489.149,00 |
| **Финансиски резултат** | **+ 2.891.803,00 денари** | **+ 1.270.092,00 денари** |

Од погореизнесеното се гледа дека во првото тримесечје од 2022 година КЈП Нискоградба Битола покажува позитивен финансиски резултат од **1.270.092,00 денари.**

## ПРЕГЛЕД НА ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА НА 31.03.2022 ГОДИНА

| | 31.03.2021 | 31.03.2022 |
|---|---|---|
| **Неплатени обврски кон** добавувачи -------- | 10.358.404,00 | **6.032.594,00** |
| **Долгорочни обврски по** кредити --------------- | 6.620.330,00 | **8.475.042,00** |
| **Вкупно обврски** | **16.978.734,00 ден** | **14.507.636,00 ден** |

| **Вкупно ненаплатени** побарува | **31.03.2021** | **31.03.2022** |
|---|---|---|
| - **Побарувања од** услуги | 25.204.912,00 | 22.514.412,00 |
| - **Побарувања за канализација** од домаќинства | 27.584.191,00 | 27.865.951,00 |
| - **Побарувања за канализација** од правни лица | 25.113.364,00 | 20.658.364,00 |
| **Вкупни побарувања** | **77.902.467,00 ден** | **71.038.734,00 ден** |

Од прегледот се гледа дека постои намалување на обврските кон добавувачи за 42 %, а зголемување на обврските за кредити е за 28 %. Побарувањата од купувачи покажуваат намалување за 9 %.

## Заклучок

Првото тримесечје од 2022 година КЈП Нискоградба Битола го заврши со добивка од **1.270.092,00 денари.** Раководниот тим на КЈП Нискоградба се надева дека ќе продолжи да остварува позитивни финансиски резултати.

**КЈП НИСКОГРАДБА – Битола**
**ВД Директор**
**Зоран Талевски**

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
Бр. 02-417/4
15.04.2022 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 17 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола и член 20 од Деловникот за работа на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола, Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 15.04.2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За усвојување на Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2022 година**

1.Се усвојува Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2022 година.

2.Истиот се доставува на понатамошно разгледување пред Советот на Општина Битола.

3.Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Програмата за работа на Советот на Општина Битола, Управниот одбор на претпријатието на својата редовна седница го разгледа.Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2022 год. Имајќи го во предвид Мислењето и предлогот по Извештајот на Одборот за контрола на материјално финансиското работење, одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ДА СЕ ДОСТАВИ: -архива
-материјали за Управен одбор
-Сектор за финансии, сметководство и комерција
-Совет на Општина Битола
-Градоначалник на Општина Битола

Бр.02-417/4
15.04.2022 година
Битола

Управен одбор
Претседател
Андреј Гинов
А. Гинов

Комунално јавно претпријатие „Нискоградба“ Битола

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА"
Бр. 02-416/4
14.04.2022 год.
БИТОЛА

До
Управниот Одбор
на КЈП Нискоградба Битола

ПРЕДМЕТ: Мислење на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење- за извештај за работењето на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2022 година

Во согласност со член 27 став 3 од ЗЈП и член 7,8 од деловникот за работа на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење при КЈП Нискоградба - Битола, Одборот за контрола на својата седница одржана на 14.04.2022 година го разгледа извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за период од 01.01 до 31.03.2022 година и дава **позитивно мислење** за истиот.

Најпрво беше разгледана приходната страна каде беше констатирано зголемување на приходите за 5% или 1,5 милиони денари споредено со приходите во истиот период во 2021 година. Со најголем процент во вкупните приходи учествуваат приходите од канализација од правни и физички лица и тоа со 56 %.

На страната на расходите се бележи зголемување од 12% споредено со трошоците во истиот период во 2021 година.

Споредени приходите и расходите може да се заклучи дека остварена е добивка од **1.270.092,00 денари**.

Согласно горенаведеното Надзорниот одбор позитивно го оцени извештајот за работењето на КЈП Нискоградба – Битола за период од 01.01 до 31.03.2022 година и дава предлог до Управниот одбор за донесување одлука за негово усвојување.

**14.04.2022 година**

**Одбор за контрола на материјално финансиското работење**

1. Александар Петровски
2. Мартина Мишевска
3. Катерина Нечовска
4. Јасмина Ристановска

Комунално претпријатие „НИСКОГРАДБА" БИТОЛА